

ДВАТА СВЕТА

Збирка илустрации

„ДВАТА СВЕТА“
ЗБИРКА ИЛУСТРАЦИИ

Издавач: Македонско студентско етнолошко друштво (МСЕД)
Финансиска поддршка: Град Скопје
Главен и одговорен уредник: Инес Црвенковска Ристеска
Компјутерска обработка: Инес Црвенковска Ристеска, Здравко Гиров, Давор Драмиќанин
Дизајн на корица: Инес Црвенковска Ристеска, Здравко Гиров, Давор Драмиќанин
Изработка на корица: Љупчо Ристески

ISBN 13 978-9989-2267-6-2

Скопје 2019

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

398.41/.47(=163.3)(084.1)
2-169(=163.3)(084.1)
75.056:398.41/.47(=163.3)
75.056:2-169(=163.3)

ДВАТА света : збирка илустрации / [главен и одговорен уредник
Инес Црвенковска Ристеска]. - Скопје : Македонско студентско етнолошко
друштво, 2019. - 45 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. 44-45

ISBN 978-9989-2267-6-2

а) Македонска народна митологија - Митски јунаци - Илустрации б) Македонска народна демонологија - Демонски суштества - Илустрации
COBISS.MK-ID 111481610

„ДВАТА СВЕТА“

Збирка илустрации

СОДРЖИНА

ЗБИРКАТА
Инес Црвенковска Ристеска

ЗА МИТОТ И МИТСКОТО МИСЛЕЊЕ ВО НАРОДНАТА КУЛТУРА
Љупчо С. Ристески

„ОВОЈ“ И „ОНОЈ“ СВЕТ ЧИНАТ ЕДНА МИТСКА ЦЕЛИНА

„ОВОЈ“ И „ОНОЈ“ СВЕТ

Илустрација: Здравко Гиров и Давор Драмиќанин
Текст: Љупчо С. Ристески

ЛИПАТА МОКОШ И КАМЕНИОТ МОСТ

Илустрација: Александра Софрониеска
Текст: Александра Софрониеска, Љупчо Ристески, Инес Црвенковска Ристеска

ТУРБЕ АЛТИ АЈАК

Илустрација: Диме Ѓорѓиевски
Текст: Виктор Трајановски

ЖИВОТНИТЕ

ОРЕЛОТ ПРОТИВ ЛАМЈАТА
Илустрација: Диме Ѓорѓиевски
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

МЕЧКА
Илустрација: Софија Симјановска
Текст: Ангела Китановска

ВОЛК
Илустрација: Софија Симјановска
Текст: Ангела Китановска

СУШТЕСТВАТА

БАБА РОГА
Илустрација: Слободан Танаскоски
Текст: Слободан Танасковски

ВЕШТЕРКА
Илустрација: Софија Иванова
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

МОРА
Илустрација: Софија Симјановска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

САМОВИЛА
Илустрација: Берта Милевска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

САМОВИЛА (СТИЈА, СТИХИЈА)
Илустрација: Александра Софрониеска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

СЕНИШТА И НАВИ
Илустрација: Сара Маневска
Текст: Сара Маневска

БОЛЕСТИТЕ

ТРЕСКА
Илустрација: Здравко Гиров
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

ЧУМА
Илустрација: Берта Милевска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Инес Црвенковска Ристеска

ЗБИРКАТА

Збирката „Двата света“ е резултат на проектот „Градот Скопје и стрип илустрираните митолошки јунаци“ во организација на Македонското студентско етнолошко друштво (МСЕД) со поддршка на Институтот за етнологија и антропологија (ИЕА), ПМФ, УКИМ – Скопје, финансиски поддржан од Град Скопје за 2019 година. Ова е втората збирка илустрации со митолошки и демонолошки јунаци создадена од млади илустратори од градот Скопје. Главната цел на проектот е низ подолготраен процес на истражување, младите цртачи да се запознаат со народното творештво поврзано со митските јунаци и демонските суштества од македонската народна митологија и демонологија општо и од околината на град Скопје посебно, и да илустрираат дел од нив. За младите илустратори и другите учесници соработници во проектот, интересни беа демонските суштества специфични за градот Скопје и неговата околина: чумата, баба Рога, треската, мората, како и други суштества специфични за македонската митологија и демонологија, кои, според фолклорната и етнографската литература и извори, може да се сретнат и во околината на градот Скопје: самовили, чума и др.

Низ проектните активности на „Градот Скопје и стрип илустрираните митолошки јунаци“, младите илустратори и истражувачи од градот Скопје се запознаа со стручната етнографска и фолклорна литература поврзана со балканската и македонската народна митологија. Истражувачката работа во стручната литература им помогна полесно да го изберат својот лик, да истражуваат во детали за неговите локални карактеристики и да изградат своја илустрација. Од голема корист во цртањето беше предавањето поврзано со народната култура и митското мислење и постојаните консултации со соработниците етнолози, антрополози за време на истражувачките и цртачките работилници.

Во проектот „Градот Скопје и стрип илустрираните митолошки јунаци“ беа вклучени повеќе од 15 млади илустратори, но 10 од нив успешно ги завршија илустрациите. Како учесници ќе бидат спомнати само оние што го поминаа целиот истражувачко - цртачки процес во периодот од петмесечното времетраење на проектот (мај – септември):

1. Слободан Танасковски, дипломиран на Класичните студии ФЗФ, УКИМ
2. Александра Софрониеска, магистер на Графички дизајн на ФОН
3. Диме Ѓорѓиевски, дипломиран на Факултетот за дизајн и мултимедија на ФОН
4. Софија Иванова, средношколка, Гимназија „Георги Димитров“ - Скопје
5. Софија Симјановска, студентка, ФИНКИ
6. Берта Милевска, млада илустраторка
7. Сара Маневска, дипломиран географ на ПМФ, УКИМ, Скопје
8. Андријана Андреева, илустраторка
9. Мартин Димитров, Гимназија „Георги Димитров“ - Скопје

Истражувачи соработници

10. Виктор Трајановски, асистент на ИЕА, ПМФ, УКИМ – Скопје
11. Наташа Чакаровска, дипломиран етнолог
12. Ангела Китановска, студент на ИЕА, ПМФ, УКИМ - Скопје

Стрип-цртачи соработници

13. Давор Драмиќанин, стрип сценарист
14. Здравко Гиров, стрип цртач

Консултанти

15. Инес Црвенковска Ристеска, доцент на ИЕА, ПМФ, УКИМ – Скопје, раководител на проектот
16. Љупчо С. Ристески, редовен професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ – Скопје

Во текот на работилниците беа изработени голем бројот скици, фотографии, кои заедно со конечните илустрации се соодветно архивирани во Дигиталниот архив при ИЕА (ДАЕАР), ПМФ, УКИМ – Скопје.

Во рамките на оваа збирка се презентирани илустрации и скици направени во текот на истражувачиот процес.

Со проектот се добиени голем број општествени придобивки. Низ активностите на проектот, младинците од Скопје го збогатија своето знаење за македонското културно наследство и го пренесоа своето видување за културните вредности на градот Скопје и Македонија на другите младинци користејќи современи медиуми – илустрирации и стрип. Произлезе дека овој начин на стекнување знаење за културното наследство е доста интересен за младите луѓе. Најважно, стекнаа нова вештина како културното наследство да се штити, да се промовира и да се претставува, станувајќи свесни за тоа дека и тие се дел од културата. Така, со своите илустрации тие даваат важен придонес во унапредувањето на начините на заштита и промоција на културното наследство и индиректно ги мотивираат другите во изнаоѓањето креативни начини за негова заштита и промовирање. Оттука, сметаме дека збирката „Двата света“ претставува силен мотив за младинците да останат креативни, а за останатите нас во чиј фокус е културното наследство да изнајдуваме нови начини да го задржиме нивното внимание во неговата заштита и промоција: на културните вредности на Македонија, на градот Скопје и неговата околина!

Љупчо С. Ристески

За митот и митското мислење во народната култура

Митот, односно митското мислење се основата во перципирањето и создавањето на претставите на човекот за себеси и за светот околу него. Во народните култури, слично како и во културите на архаичните заедници, митот е основниот феномен на човечката култура и единствено релевантен систем на религиското и на општествено уреденото однесување на луѓето во определена култура.

Митот е културна и извонредно сложена реалност, света приказна, а со тоа и „вистинска приказна“, бидејќи секогаш се однесува на стварноста. Според тоа, митот не може да се набљудува како некаква фикција, замисла, фантазија или измислица според која луѓето го организираат целото свое однесување. Напротив, митот се темели врз свеста и претставите на луѓето за реалните настани, за вистинските приказни што ги обврзуваат луѓето да се владеат според пропишаните правила. Во митовите се изнесени најсветите вистини за луѓето, за нивните предци, за нивната земја, така што е сосема разбирливо што овие фундаментални конституенти на идентитетот на луѓето се вреднуваат како свети вистини во свеста на луѓето и во нивните митски знаења и претстави.

„ОВОЈ“ И „ОНОЈ“ СВЕТ ЧИНАТ ЕДНА МИТСКА ЦЕЛИНА




„ОВОЈ“ И „ОНОЈ“ СВЕТ

Илустрација: Здравко Гиров и Давор Драмиќанин
Текст: Љупчо Ристески

Културите во кои митското мислење е доминантна форма, а митот основно изразно средство, содржат претстави за **ЕДИНСТВЕНАТА РЕАЛНОСТ И ЕДИНСТВЕНИОТ ОДГОВОР НА ЧОВЕКОТ ЗА СЕБЕ И ЗА СВОЕТО ОКРУЖУВАЊЕ**. Таа, единствена **МИТСКА РЕАЛНОСТ** е секогаш јасно издиференцирана и поделена на две базични категории: нашата, човечка реалност – овој свет, и туѓата, нечовечка или реалност од другата страна на нашиот свет – оној свет.

Основна карактеристика на двете реалности е тоа што се заемно и неразделно поврзани и иако се строго разделени, тоа не значи дека се непремостливи. Така, појавата на припадниците на едната реалност во просторот или сферата на другите секогаш се смета за нарушување на вообичаените, нормалните ситуации, но никогаш не се смета за фатална. Човекот никогаш не може прецизно да го утврди времето или условите на нивното појавување. Тоа значи дека секој припадник на нашата, човечка реалност може да стане дел од другата, туѓата реалност, и обратно, суштествата од оној свет да преминат во нашиот.

Но, тоа се случува само кога се исполнети исклучителните услови: кога настапува посебна состојба, определени лица, во утврдено време, на определено место и сл. Тогаш настапува нова состојба, која, во основа, се смета за неприродна. Хармонијата е нарушена, а заедницата треба да стори сè со цел состојбата на рамнотежа помеѓу двете реалности или двата света да се врати во вообичаената состојба.



ЛИПАТА МОКОШ И КАМЕНИОТ МОСТ

Илустрација: Александра Софрониеска
Текст: Александра Софрониеска, Љупчо Ристески, Инес Црвенковска Ристеска

Илустрацијата е инспирирана од една од приказните за Долната Земја запишана од Марко Цепенков, каде јунакот ја сретнува трогловата ламја. Изгледот на Долната Земја се базира врз описите за неа од неколку приказни, Таму можат да се најдат орли, ламја и злато и навидум е слична со Средната Земја, но истовремено е многу пуста во споредба со неа. Средната Земја се наоѓа над неа и тоа е нашиот свет каде има бујна вегетација и живот. Мостот како симбол за поврзување, се наоѓа на средина и ја претставува врската помеѓу двата света, а божицата Мокош како стара жена претставена како дрвото со долги раце, ги ткае световите со вретеното. Мостот е Камениот Мост, а дрвото е липа, два препознатливи симбола на градот Скопје.

Оваа илустрација ги опфаќа сите етнографски и фолклорни материјали поврзани со претставите за Земјата, каде митската логика на традициското мислење ја следи трипартитната структура на организација на Просторот по вертикала. Според оваа митска логика, Земјата е составена од три составки, три земји или три нивоа. Човечката, нашата, или онаа што ние најдобро ја познаваме е Средната Земја, потоа земјата што се наоѓа под нас е Долната Земја, а земјата над нас е Горната Земја.


Реката во илустрацијата е претставена така што го доловува значајното место што го има реката во концепцијата на просторот. Во просторната структура на речиси секој Регион може да се утврди дека централно место зазема Реката и нејзиното корито, претставувајќи оска околу која е организиран околниот простор. Поради непрекинатото течење на водата во речното корито, митските претстави за неа се поврзани со идејата за постојано движење, што апсолутно го конотира бескрајното космичко време, односно се здобива со дополнителни културни карактеристики кои најчесто се митски. Всушност, митската мисла во текот на многугодишното создавање и пресоздавање ја оформила идејата за **МИТСКАТА РЕКА**. Реката е именувана согласно нејзиното значење во Регионот, пример Голема Река, Голема, односно Велика - име што се употребува за реката Треска. Поголемо значење за истиот Регион има реката Вардар, и тоа може да види уште во античкото име за реката „Axios“, со значење „оска“. Ова име го отсликува поимањето на реката Вардар како особено значајна водна оска според која се конструира Просторот. Така, со неа просторот на Македонија е поделен на две половини – источна и западна Македонија.

Митската река ги има уште значењата на врска помеѓу нашиот и другиот свет, со оглед на претставите дека „доаѓа“ оттаму, поминува низ нашиот свет и повторно „оди на тој свет“. Таа се сфаќа како една од можните врски помеѓу световите. Од друга страна, пак, преминувањето на реката од едниот на другиот брег има конотација на совладување на просторот. Тоа најчесто се случува со поврзување на двата брега со **МОСТ**.

Во илустрацијата се среќава божицата Мокош во форма на дрвото липа, дрво што е карактеристично за градот Скопје. Мокош е единствено женско божество, женски пандан на Перун. Митското суштество е познато по ликот на жена со голема глава и долги раце во чија надлежност е предењето лен, стрижењето овци, ткаењето, плетењето. Сите забрани во врска со оваа дејност на територија на Македонија се поврзуваат со оваа предилка на подземниот свет. Под влијание на словенската митологија, во локалните традиции овој лик во однос со громовникот, претставува негов предавник и лежи во основата на претставата за Волос/Велес, како хтонско божество. На ова женско божество му бил посветен петтиот ден од неделата, кој во периодот на христијанизацијата почнува да се посветува на Света Параскева, односно Света Петка.

АЛТИ АЈАК
и проклетството на Турбето

Цртеж: Диме Ѓорѓиевски
Приказна: Виктор Трајановски





ТУРБЕТО АЛТИ АЈАК

Илустрација: Диме Ѓорѓевски
Текст: Виктор Трајановски

Во стариот дел на Скопје, во маалото Топана, се наоѓа турбето Алти Ајак. Во врска со собитијата кои се случиле во Скопје во крајот на XVII век, би можело да се претпостави дека турбето настанало некаде во 1690 година. Се наведува дека покрај ова турбе до 1913 година постоеле уште две турбиња и дека во сите нив биле погребани татарски војсководители кои со своите одреди учествувале на страната на Турците во судирот со австриската војска во 1689 година при повторното преземање на градот. Називот Алти Ајак турбето го добило по шесте столба кои ја носеле конструкцијата на кубето. Додека пак, според преданијата на локалните жители името доаѓа од шесте војници кои животот го завршиле на тоа место. „Кога беше ратот тие беа шест другари и затоа по турски алти, значи алти шест је... Сите шестмина... Само не во тоа турбето. Во тоа туљбето тој главниот бил... А тие беа испод него вака, имаше гробници помали. А тој главниот беше тука... Значи главниот е тука а останатите околу него...“.

Едно предание кое често може да се слушне помеѓу населението кое живее непосредно до турбето е дека на тоа место во ноќните часови се појавувал татарскиот војсководец кој го бранел локалното население кога било во опасност. Можеш и бег да го наречеш, можеш и Алти Ајак... Облечен во бело све... Цело, цело бело. Бел коњ дури има. Ланците кога шета он златни му се сé. Кога шета се слуша тупаници на коњот како иде и синџириве како се влечат. Е таков е. А лицето вака... Не можам... Не можам да ти кажам тоа лицето никако. Зашто го гледаш ти фигура само... Онака како иде и не можеш да го гледаш кој е, што е. Сега можда и бег, можда и падишан некој, можда и све е, ама тоа не можам да ти кажам. Знам дека е многу... Висок и тоа супер висок, супер висок. Што значи ратник човек, да ти кажам најубаво ратник човек е вака. Дека од ратот ваму дојде, остана тука. Е тука му се направија, Турците кога беа му направија споменик и затоа тој споменикот се вика Алти Ајак. Зашо шес другари, тие сите шес тука, шесте тука утепани се во турско време“.

Ова турбе е од типот на отворени турбиња со шестострана основа. Турбето завршувало со профилиран венец од камен. До 1963 година овој споменик бил запазен речиси целиот (недостасувало кубето и еден столб). Во земјотресот од 1963 година многу настрадало, така што денес од него се зачувани само два столба и целото е во руинирана состојба.

ЖИВОТНИТЕ






ОРЕЛОТ ПРОТИВ ЛАМЈАТА

Илустрација: Диме Ѓорѓиевски
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Се верува дека орелот може да лета високо во Горниот Свет и да се симнува долу во Долниот Свет. Тој живее во облаците и по високите планински врвови. Се верува дека орлите ги контролираат градобијните облаци. Секој простор има свој орел - заштитник на границата, кој не допушта во него да падне град и да го уништи. Во случај кога ќе се појави градобиен облак, се верува дека орелот - заштитник се крева високо и се бори со облакот со цел да го истера на друга страна. Во народните верувања овие орли се познати како **крстачи**, кои е забрането да се убиваат. Во спротивно, оној што ќе убие орел, ќе го снајде несреќа.

Орелот е единствената птица што ја победува ламјата, што може да го спаси јунакот и да го пренесе од Долната во Горната земја. Овој мотив е еден од најпознатите митологеми и го претставува космичкото дрво каде змијата и орелот се олицетворение на двете спротивставености: подземното/хтонското наспроти надземното/небеското. Орелот е симбол на долговечноста, и ја симболизира победата и успехот.



мечка

Илустрација: Софија Симјановска
Текст: Ангела Китановска

Со нејзината улога на заштитник, зазема важно место во приказните и легендите. Според верувањата, таа има голема моќ да ги истерува лошите работи, што е поврзано со верувањето дека ноќно време таа ги чува куќите на луѓето, кои оставаат храна и вино. Мечката има важна улога во лекувањето на некои болести, а позитивно делува на бремените жени кои ги ослободува од демонските суштества. Зимата ја поминува во сон, до празникот Благовец кога за првпат се капи во река. Од тој ден и луѓето можат слободно да се капат во реките сè до празникот Голема Богородица, кога мечката оди повторно на спиење.

Во македонските легенди мечката потекнува од човек, односно од девојка која била испратена од маќеата да ја пере црната волна, се додека не стане бела. Поради маката што ја имала, девојката се проколнала себе си и се претворила во мечка. Затоа, постои верување дека мечката има душа слична на човечката и многу ретко го напаѓа и јаде човекот, па затоа ни човекот не треба да ја убива и да го јаде нејзиното месо.

Денот Св. Андреја се празнува како мечкин ден. Според верувањата на овој ден, не смее да се спомне нејзиното име, па се спомнува како **тетка**. Наспроти овој ден, рано наутро домаќините на мечката за вечера ѝ готват пченка што ја оставаат во кочината. Според народните верувања, луѓето тоа го објаснуваат како жртва што е наменета за предците кои се појавуваат во животински облик, во овој случај во вид на мечка.





ВОЛК

Илустрација: Софија Симјановска
Текст: Ангела Китановска

За волкот се верува дека е диво суштество блиско на ѓаволот. Луѓето го сметаат за голем насилник, поради што оставил големи траги во народните преданија, верувања и обичаи. За него се смета дека може да ги покори демонските суштества, па затоа луѓето изразувале голема почит кон него. Па така, два пати во текот на годината, во ноември и февруари, се празнуваат волчјите празници. На прво место се денови на св. Мартинија. Се верувало дека Мартинци се седум браќа. Овие денови најмногу ги празнувале семејствата што одгледувале овци, со цел да ги заштитат од волкот. Низ Македонија овие денови се среќаваат како Мартинци, Мартини денови, света Мина, свети Мрата, Вучкови празници, Волков празник и други. Најмногу се празнува последниот ден кога се верува дека ќе се појави и последниот сакат волк **КРИВУЉАН**, **КУЦУЛАН**, кој се сметал за најопасен.

Во текот на овие денови било забрането да се работи ништо што е волнено, да не се отвораат ножици, да не се влече волна, да не се преде. Притоа се изведувале неколку заштитни обредни дејствија во смисла да се врзат синџирите и лажиците, да се затворат ножевите и ножиците, се со цел да се затвори устата на волците.

Во народната култура, се верувало дека луѓето можат да го поканат волкот на вечера на Бадник или на обичен ручек за да си ја заштитат стоката.

СУШТЕСТВАТА


C. Tanasescu


БАБА РОГА

Илустрација: Слободан Танасковски
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Баба Рога е суштеството со кое возрасните ги плашат малите темпераментни деца, за да бидат послушни. Таа се појавува во вид на женско страшило, односно страшна обезличена баба со рог на главата.

Пандан на македонската Баба Рога е суштеството Баба Јага во старословенската митологија каде се среќава како планинска старица - волшебничка. Таа се среќава како лик во волшебните приказни. Живее во планините, а се движи качена на метла. Посебно сака да ги граба децата и нејзината цел е да ги изгори во печка. Во раскажувањето, секогаш Баба Јага има улога на противничка на јунакот.

ВЕШТЕРКА



ВЕШТЕРКА

Илустрација: Софија Иванова
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Вештерката може да се сретне уште и како вештица, во машки род како вештер. Претставата е жена што во себе има ѓаволски, лош дух, кој од неа излегува најчесто во вид на пеперутка, а потоа и како гуска, куче или вол. Се верува дека нејзината душа излегува од телото и шета низ селото за да ја пие крвта на малите деца, да јаде маст, сирење или урда од селаните, за потоа да ја повраќа околу куќите.

Во Скопско, се верувало дека вештерката е душата на стара жена, што излегува од телото откако старицата ќе заспие и се движи во вид на светлина. Додека душата на старицата шета низ селото, телото и останувало како мртво во постелата. Се верувало дека ако телото на старицата се помести во тој период, вештерката ќе умре бидејќи душата нема да може да го најде местото од каде излегла и да се врати во своето тело.

Вештерка можело да се стане девојчето од самото раѓање, но најчесто вештерки станувале лошите жени, распуштениците, мртвородените па оживеаните, но и оние што умееле да извршат сложени обредни дејствија.

Постоеле и такви жени што сакале да станат вештерки. За таа цел, тие морале да го земат првото јајце снесено од црна кокошка пред изгрејсонце на Велики четврток и да го носат под мишка или во пазувите се додека од него не се изведе пиле. Потоа го мачкале телото со крв, што им стоела четириесет дена. На четириесеттиот ден, во глуво доба, обредно се миеле со вода од лева воденица со самовилски билки, притоа предавајќи се на ѓаволот.

Инаку вештерката живее како обична жена и извршува различни функции. Се верува дека ги испраќа болестите, ги разделува сопружниците, предизвикува невреме, ги престорува луѓето во животни. Се верува дека вештерката е во постојан контакт, дури и сексуален, со ѓаволот и змевот.

Според нејзината надворешност, вештерката може да се распознае според нејзиниот зол поглед, по крстот над очите и споените веѓи. Бојата на кожата им била модра, имале ретка брада и мустаќи, крвави очи, влакнести нозе и опашка. Во пределот Скопска Црна Гора се верувало дека постоеле вештери.


Copyia
2019

мора

Илустрација: Софија Симјановска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Во етнолошката и фолклористичката литература речиси и да нема податоци какви претстави постојат за оваа состојба на човекот наречена **мора**. Најчесто се појавува кога човекот е во состојба на спиење, кога телото на човекот е во состојба на мирување и опуштеност. Според кажувањата на луѓето кои сметаат дека ја искусиле оваа состојба, ја опшуваат како состојба на парализираност како резултат на голема тежина што го потиснува телото на заспаниот човек. Оваа парализираност ја објаснуваат како состојба во која човекот чувствува тежина на градите и тешкотии во дишењето, а исто така и неможност да ги движи рацете, нозете и состојба кога сака да викне за спас по најблиските, но тоа не може да го направи.

Мората го замајува човекот во текот на спиењето, па затоа често пати се споредува со состојбата кога еден човек умира, односно со состојба кога некакво суштество сака да му ја извади душата за тој полесно да умре.





самовила

Илустрација: Берта Милевска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Во верувањата и во усното творештво овие суштества се среќаваат под името самовили, но се среќаваат и други имиња за нив, како: самодиви, вили, јуди, личници, перии, мајки.

Во народните верувања самовилите се познати претежно како женски демони, за кои постојат најразлични претпоставки за нивното настанување. Тие се натприродни суштества кои се видени само од посебни луѓе и кучиња со четири очи. . Самовилите се натприродни суштества кои не можат да се видат, но може да се слушне нивниот глас. Но, постојат такви луѓе што можат да ги видат, а се наречени **саботници**. Тоа се луѓе родени во посебна сабота, а таква се смета саботата пред задушница или пред Велигден, на полноќ, на Бадна вечер. Исто така, самовилите можат да ги видат кучињата со четири очи, како и мешани, „самовилски деца“.

Обично за нив се зборува како за многу убави суштества. Облеката што ја носат самовилите е наречена самовилска облека. Има верувања дека самовилите не носеле облека на себе, дека се движеле голи. Во преданијата, самовилите се појавуваат облечени во народна носија,.

Претставите за самовилите се поврзуваат со почитувањето на водата, реките, изворите, шумите, плснините. На овие суштества, на чешмите им носеле дарови за да спроведат вода од небото, особено за големите суши и за лекување од најразлични билести, најмногу оние од очи и уроци.

Во раскажувањата самовилите може да се сретнат како женски демони, што значи дека овие суштества не се среќаваат во машки пол. Децата на самовилите се исто така од женски пол, а се раѓаат по вегетативен пат. Иако авторите истражувачи пишуваат дека самовилите се само женски, според остатоци од раскажувањата, може да се рече дека самовилите може да бидат од двата пола, со што им било овозможено плодењето. Вакви претстави се среќаваат и кај Македонците, православни и муслимани. Според верувањата, самовилите забременуваат наутро од росата во летниот период, а во периодот на зимата раѓаат женско потомство. Според други верувања, самовилата настанува од растенијата. На дрвото, тие се повивале на листот. Оттука произлегува убавината на самовилата. Он начинот на нивното настанување како демон и симбол на вегетацијата, од билките како симбол за убавината и росата како симбол за чистотата и здравјето, може да се прочита најстарата идеја за настанување од природата.

Според верувањата, познато било дека може да постојат односи меѓу луѓето и самовилите, од кои се раѓаат самовилски бебиња. Најчесто самовилата е таа што го избира својот партнер, кој треба да биде здрав, убав и силен маж, а тоа бил најчесто планинскиот овчар.

Цртеж и текст: Александра Софрониеска
Приказна: Давор Драмиќанин

Скопскиот аквадукт и Стијата






САМОВИЛА СТИЈА(СТИХИЈА)


Илустрација: Александра Софрониеска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Самовилата стија или стихија е демонско суштество што е олицетворение и предизвикувач на временските неприлики. Се верува дека нејзино живеалиште се непроточните водни површини, бари и мочуришта, каде мирно живее до моментот кога поради одредена причина не реши да го создаде невремето.

Не е многу убава како другите самовили, а се карактеризира по нејзините долги коси со кои ја создава стихијата.

Честа причина да создаде невреме или стихија, самовилата ја наоѓа во невозвратената љубов од момчето во кое е вљубена.





Сеништа

Илустрација: Сара Маневска
Текст: Сара Маневска

Што е тоа што постојано те демне во ноќта од мрачниот агол на собата? Ти пее слатка приспивна песна со рапав глас од кој што не ти дозволува да заспиеш. Само што ќе ги затвориш очите те буди ладен допир на ладна рака со канци.

Сенштата се замислуваат како суштества многу блиски на мората. Тие немаат дефиниран облик. Се верува дека наликуваат на темни сенки, црни мачки или кокошки. Некои ги замислуваат како лош ветер или лош дух. Тие се појавуваат ноќно време во напуштени стари куќи и цркви. Во одредени случаи сенката ја напаѓа родилката, ако е изнемоштена по раѓањето. Сенката чека родилката да заспие за да почне да ја дави.

За да се заштитат родилките од сенката, под перница ставале: железен чешел, јаже, пиралка, секира, а на главата чешел, што значи предмети со заштитна функција.

БОЛЕСТИТЕ



Giron '19

ТРЕСКА

Илустрација: Здравко Гиров
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Во народните претстави болестите се поделени во две групи: машки и женски. Женски болести се чумата, бујцата, улерата, треската, сипаницата. За разлика од женските, машките болести се сметаат како поопасни. Болестите најчесто наликуваат на човечки суштества со натприродни особини и квалитети.

Болеста треска, од групата женски болести, најчесто се јавува персонифицирана во ликот на две жени кои поради својата сиромаштија решиле да ги заболуваат луѓето. Треската ги напаѓала луѓето, некои со студ, некои со оган. Се храни со понадата што им ја носат луѓето на болниот човек. Како најдобар лек се смета горчливото, односно пелинот и лутото. Човекот требало да пие сварена вода со пелин или вода во која има толчен лук со киселина. Се верувало дека човекот ќе биде излечен и ако лежи на рогозина на подот во ладна просторија и биде потуран со ладна вода. Третиот начин да се излечи од треска бил човекот да гладува неколку дена.



чума

Илустрација: Берта Милевска
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Во традицијата на македонскиот народ, од сите болести, најпознати се претставите за чумата, синоним за смртта. Оттука се и другите определби, како: црна смрт, врла, безредица, пуста, страшна, стара чума, баба чума и други. Освен терминот чума, во народната терминологија познати се и изразите: колера, панукла, пануклица, улера и други.

Во народните верувања, чумата била создадена од Господ по создавањето на светот, за да се ослободува од лошите луѓе на земјата. Во прво време нејзината сила била голема. Но, кога Господ го видел тоа, плашејќи се за својата судбина, ја намалил нејзината сила така што ја тресnал, по што, оттогаш, нејзиниот врат е здрвен. Така, таа не може да го врти вратот за да гледа наназад.

Во приказната за настанувањето на чумата забележана од Марко Цепенков, се вели дека таа потекнува од риба од реката Нил. За време на едно разлевање на реката, многу риби останале да лежат на земјата. Тука рибите се засмрделе и од нив се зародила чумата. Најчесто чумата е претставена како стара, многу грда баба со грпка, која се движи со стап и торба на грбот. Во торбите ги носела списоците на луѓето што треба да ги усмрти. Со себе носи и алати со кои ги убива луѓето.

Чумата најчесто била протерувана од селото со прелажување со мед, пита или вино. За заштита од чумата, во традицијата на македонскиот народ се вршело обредно ткаење на **чумино платно** или **чумина кошула**. Три жени го ткаеле тоа платно ноќно време, и со тоа платно го заобиколувале селото со зборовите: „по гора, по воѓе, по планиње, по рудини, овде е запотнато“. По враќањето во селото, жените делеле на секој член од семејството по неколку кончиња од чуминото платно за здравје.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Вражиновски, Танас и соработниците. 1995. „Народна демонологија на Македонците“, Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

2. Вражиновски, Танас и соработниците. 1998. „Народна митологија на Македонците“, кн. I. Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

3. Вражиновски, Танас и соработниците. 1998. „Народна митологија на Македонците“, кн. II. Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

4. Вражиновски, Танас и соработниците. 2000. „Речник на народната митологија на Македонците“, Прилеп – Скопје: ИСК-ММ.

5. Зборник на Миладиновци, преземено од: https://mk.m.wikisource.org/wiki

6. Кличкова, Вера, Марија Малахова, Олга Бенсон. 1963. „Македонски народни носии“, илустрации. Скопје: Етнолошки музеј на Македонија.

7. Обремски, Јозеф. 2001. „Македонски етносоциолошки студии“, кн. II, (Танас Вражиновски и соработниците, уред.), Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

8. Обремски, Јозеф. 2001. „Фолклорни и етнографски материјали од Пореч е“, кн. I, (Танас Вражиновски и соработниците, уред.), Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

9. Ристески, С. Љупчо. 2005. „Категориите простор и време во народната култура на Македонците“, Скопје: Матица македонска.

10. Светиева, Анета. 2011. „Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век“. Скопје: Музеј на град Скопје.

11. Светиева, Анета. 2013. Материјали по предметот Духовна култура на Македонците, циклус предавање за студенти од осми семестар во 2013 година, во ракопис.

12. Толстој, Светлана и Љубинко Раденковиќ. 2001. „Словенска митологија“, енциклопедијски речник. Beograd: Zepter Book World.

13. Tirta, Mark. 2004. „Mitologija ndër shqiptarë“, Tiranë: AKADEMIA E SHKENCAVE E SHQIPËRISË, INSTITUTI I KULTURËS POPULLORE, DEGA E ETNOLOGJISË.

14. Кумбараџи-Богоевиќ, Лидија. 1998. „Османлиски споменици во Скопје“, Исламска заедница во РМ, Сектор за наука и исламска култура, стр. 126. Скопје.